**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-6229/1 од 21.10.2022 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Седумнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **28.10.2022 година (петок) со почеток во 12 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2022 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Развојната Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2022-2023 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2022 година;
4. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, во учебната 2022/2023 година;
6. Предлог - Одлука за давање донација на основни проекти на Општина Арачиново;
7. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба - Скопје за 2022 година;

8. Предлог - Одлука за предавање на користење, употреба и одржување на канализационен систем и пречистителна станица за одведување на урбани отпадни води во населено место Смиљковци, на давател на услуга - ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје;
9. Предлог - Одлука за исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза;
10. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година;
11. Предлог - Програма за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2022 година;
12. Предлог - Програма за изменување на Програмата за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2022 година;
13. Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2022 година;
14. Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2022 година; и
15. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**